**Известување за концентрација со која Мавие Некст ГмбХ, Виена Австрија ќе стекне контрола над Цура Домо Холдинг ГмбХ, Швечат Австрија**

**(предмет бр. 08-101/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Мавие Некст ГмбХ, со седиште на Ротхсцхилдплатз 4, 1020 Виена, Австрија, поврзано друштво на Групацијата УНИКА, планира да стекне мнозинство од акциите и единствена контрола врз Цура Домо Холдинг ГмбХ, со седиште на Мулгасе 13, 2320 Швечат, Австрија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Мавие Некст (претходно Санус Екс ГмбХ (*Sanus X GmbH*)) е поврзано друштво на Групацијата УНИКА ("**УНИКА**"). УНИКА е групација на друштва предводена од УНИКА Иншуранс Груп АГ (*UNIQA Insurance Group AG*), Австрија која обезбедува осигурителни производи и услуги првенствено во Австрија, Централна и Источна Европа.

УНИКА е присутна во Северна Македонија преку две претпријатија-ќерки, УНИКА АД Скопје и УНИКА Лајф АД Скопје.

Уника АД Скопје има регистрирано седиште на Булевар Илинден 1, Скопје Карпош, Република Северна Македонија, со ЕМБС 5896100, со регистрирана дејност – неживотно осигурување.

Уника Лајф АД Скопје има регистрирано седиште на Булевар Илинден 1, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6712339 со регистрирана дејност – осигурување на живот.

Цура Домо Холдинг ГмбХ е семеен бизнис во Австрија со средна големина. Нуди услуги во областа на 24-часовна домашна нега, домови за нега (помош во секојдневниот живот) и управување со објекти.

Цура Домо Холдинг ГмбХ нема претпријатија-ќерки во Северна Македонија.

Според подносителот релевантниот пазар на производи се пазари за обезбедување услуги за домови за нега, пазар за обезбедување услуги за домашна нега и пазар за обезбедување услуги за управување со установи.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.07.2024 година
Скопје